РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3307/2

18-04-2023 г./v. (2019/

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 85-тата седница одржана на 12.04.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-3307/1 од 26.06.2019 година, со наводи за лошо управување и несовесно работење во ЈП /// – ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-3307/1 од 26.06.2019 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител на ден 26.06.2019 година поднесена е пријава со наводи за лошо управување и несовесно работење во ЈП /// – /// и оформен е предмет број 12-3307/1 од 26.06.2019 година.

Во пријавата подносителот, без да посочи конкретни дејствија, укажува на повеќе неправилности поврзани со организацијата на работата во ЈП /// – ///: нередовно присуство на вработените на работните места, примање на парични средства во готово, неправилна искористеност на доделено возило и непотребен ангажман на возач.

Во пријавата е изразено сомневање и за несовесно располагање со средствата на сметката на ЈП /// – ///, за неправилна наплата на комуналните услуги, за неспроведување на постапки за јавни набавки и за вршење на незаконска сеча на дрва.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавените наводи не се корупција согласно дефиницијата утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Воедно, во пријавата се содржани општи наводи и нема доволно податоци со кои истите би се конкретизирале. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr. 3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk